ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија б.б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 041
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Датум: 30 октомври 2014**

# СООПШТЕНИЕ

## За ортопедски куќи и стоматолошки здравствени установи со дејност протетика и ортодонција

Од 01.10.2014 година ортопедските куќи и стоматолошките здравствени установи, со дејност протетика и ортодонција, преку веб порталот на Фондот за здравствено осигурување, започнуваат со нов начин на евидентирање на нарачки и подигање на ортопедски помагала.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги известува сите стоматолошки здравствени установи со дејност протетика и ортодонција, дека фактуритањето за месец октомври ќе се изврши на начин како до сега.
Напоменуваме дека од 1-ви Ноември нарачката и издавањето на ортодонските и протетски заботетенички помагала ќе се врши **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** на web порталот на Фондот, при што во Вашите интерни апликации потребно е точно да биде евидентиран бројот на заверената потврда која ја добивате од Фондот за здравствено осигурување. Овој податок е потребен бидејќи ќе биде предмет на дополнително воведени контролни механизми кај доставените електронски фактури во месец декември за ноемвриските фактури.

Фондот за здравствено осигурување им излегува во пресрет на ортопедските куќи и во овој преоден период објавува образец кој треба да биде пополнет со податоци за потврдите заверени пред 01.10.2014 година кои биле нарачани и/или подигнати во тек на месец октомври, а ортопедските куќи од различни причини не биле во можност да ги евидентираат на web порталот на Фондот.

Напоменуваме дека во образецот **НЕ СМЕЕ** да се евидентираат заверки направени од 01.10.2014 година. Пополнетите обрасци потребно е да бидат доставени на следните e-mail адреси:

- martini@fzo.org.mk
- ardianr@fzo.org.mk
- tatjanag@fzo.org.mk

Доставата на податоците направете ја најдоцна до 03.11.2014 година до 13:00 часот!